РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К -
Бр. 0901-164/14
20.02. 2025 год.

Врз основа на член 11 став 13 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 22 од Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување на овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица Свети Николе бр. 0901-210 од 16.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по Јавен оглас број 01/2025 за пополнување на работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во редовен работен однос на неопределено време

1. За работно место ПОЖ 02 10 В04 000 Пожарникар спасител, Територијална противпожарна единица- 5(три ) извршители се избираат Александар Тошев, Кирил Стефановски, Дарио Панев, Дарко Темелков и Стојанче Саздов.
2. На избраните кандидати по конечноста на оваа Одлука ќе им се издаде Решение за вработување на неопределено време.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Јавен оглас број 01/2025 за пополнување на работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во редовен работен однос на неопределено време објавен на ден 13.02.2025 година во дневните весници„Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ за работно место број ПОЖ 02 10 В04 000 Пожарникар спасител, Територијална противпожарна единица-5(пет ) извршители, Комисијата за селекција формирана со Решение бр. 0901-164/5 од 14.02.2025 година донесено од Градоначалникот на Општина Свети Николе, по спроведената административна селекција изготви ранг листа на кандидати.

Согласно член 11 став 13 од Законот за пожарникарство Комисијата за селекција на ранг листата на кандидати му ја доставува на градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

Согласно член 22 став 1 од Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување на овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица Свети Николе, Градоначалникот за Општина Свети Николе, во рок од 15 дена по добивањето на ранг листата е должен да донесе одлука за избор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до надлежен орган согласно со закон.

Општина Свети Николе
Градоначалник
_______________
Дејан Владев